СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
НАША БАНКА!

**СО 39. седница**
**22.2.2017 година**
**Точка на дневен ред бр.2-1**

# МИСЛЕЊЕ
## на Надзорниот одбор кон одлуката за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, февруари, 2017 година**

# **М И С Л Е Њ Е**
## **на Надзорниот одбор**
## **кон одлуката за именување на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола**

Во согласност со член 67 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, НО бр. 02-2482/1-2 од 26.3.2015 година – пречистен текст, Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена, од кои два члена се независни.

Моменталниот број на членови на Надзорниот одбор на Банката е 7 (седум) членови.

Решенијата за издавање претходна согласност за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за членовите г. Ненад Јосифовиќ, г. Панче Нефтенов, г-ѓа м-р Александра Радевска, г. Коста Костадиновски и г. Иванчо Велјановски се издадени за период од 2 (две) години и се со важност од 8.5.2015 година до 8.5.2017 година.

Решението за издавање претходна согласност за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за г. м-р Дејан Панделески е издадено за период од 2 (две) години и истото е со важност од 9.6.2015 година до 9.6.2017 година.

Решението за издавање претходна согласност за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за г. Кирил Митровски е издадено за период од 2 (две) години и истото е со важност од 26.8.2015 година до 26.8.2017 година.

Со цел пополнување на составот на Надзорниот одбор, како и подготовка и поднесување на целокупната документација за добивање претходна согласност за именување член на Надзорен одбор од гувернерот на НБРМ, потребно е именување 7 (седум) членови на Надзорниот одбор.

Во согласност со член 388-б, став 4 од Законот за трговските друштва, за точките за кои нема предлог-одлуки за донесување, по предложената точка потребно е овластен орган (Надзорен одбор на Банката) да даде мислење кое ќе биде објавено на интернет-страницата на Банката.

Во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, предлог-одлуките треба да се достават во рок од 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за одржување седница на Собрание, а во согласност со чл. 344 став 4 од Законот за трговските друштва, податоците за кандидатите за членови на Надзорниот одбор треба да им бидат достапни на акционерите најмалку 7 дена пред денот на одржувањето на Собранието на Банката на официјалната интернет-страница на Банката www.stbbt.com.mk.

Поради сето погоренаведено, се јавува потреба Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола да донесе Одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

**Стопанска банка а.д. Битола**
**претседател,**
**господин Ненад Јосифовиќ**

СТОПАНСКА БАНКА а.д.
БИТОЛА
4